Врз основа на склучени Договори за партнерство при понудување на програми за културна и едукативна наобразба со изучување на некој странски јазик со точно определена старосна возраст или учество во програми за доквалификација за одреден странски јазик во земјите на ЕУ , САД , Канада или Австралија - Коузон и Ко. ДООЕЛ , со седиште на Бул. „ Св. Климент Охридски “ бр. 58, 1000 Скопје, како професионална Агенција специјализирана за ваков тип на посредување ги нуди своите програми на териоторијата на Македонија .

Заради утврдување на правата и обврските на понудувачот на програмите ( во натамошниот текст Агенцијата ) представувана од Управителот на фирмата Зоран Кочоски , и барателот на услугата за изучување на странски јазик на ниво на курс ( со краток престој ) во натамошниот текст Кандидатот, _______________________________________________________ роден/а на ____________________________ во ______________________ со постојано место на живеење на ул. _______________________________ во ___________________________________ ( или лице родител или старател на малолетното лице кандидат за учество во некоја избрана програма – во натамошниот текст родителот или старателот на кандидатот ,___________________________________________________-роден/а на ________________________, со постојано место на живеење на ул. ______________________________________________ во ____________________________ , во сродство со Кандидатот како _________________________________________ со взаемна согласност го потпишиваат овој

# Д О Г О В О Р

За посредување и реализаиција на едукативна програма со краток престој за изучување на странски јазик во земја и школо избрано од кандидатот

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА АГЕНЦИЈАТА

1.1 Агенцијата ги објавува и рекламира сите програми за изучување на странски јазик во одредена држава со изнесување на сите информации за програмата по обем , цена , услови и сл. Како официјалне представник на странските школи , Агенцијата ги пренесува добиените информации од партнерската организација како официјални за понудената програма

1.2 Агенцијата на кандидатот му ги става на увид сите потребни информации за потенцијалниот избран пакет ( школо , сместување и друго ) со ориентациона цена , како и информација за општите услови за учество во програмата доставени во писмена форма .

1.3 Агенцијата се обврзува да отпочне процес за дефинирање на конкретна понуда по пополнувањето на Анкетниот апликативен лист од страна на Кандидатот , кој мора

да биде доставен во писмена форма со потпис од Кандидатот ( или неговиот старател ) со јасно дефинирани барања во него .

1.4 Анкетниот и апликативен лист Коузон го испраќа до своите партнери како официјално барање за добивање на понуда за конкретен термин за учество во одреден курс од страна на кандидатот . На истиот партнерите на Коузон ќе одговорат во период од 72 часа со официјална понуда . Официјалната понуда ќе ги дефинира сите услови за учество на Кандидатот во избраната програма за изучување на странски јазик во краток период .

1.5 Добиената понуда во форма на писмена информација , Агенцијата ќе му ја достави на кандидатот. Истиот ( или неговиот старател ) ќе биде обврзан во период од 48 часа да ја потврди или одбие . Понудата се дефинир како индивидуална и несмее да биде условена од учество и на други кандидати во истата ( сем ако не е дел од групен пакет) .

1.6 Агенцијата ќе очекува од Кандидатот да изврши уплата на 20 % од вкупната цена на понудата како депозит за учество во програмата , по што Агенцијата ќе ја потврди програмата кај своите партнери како гаранција за учество на Кандидатот во истата .

1.7 Агенцијата ќе се завземе да обезбеди авионска карта до бараната дестинација за кандидатот и ќе извади за негова сметка здравствено патничко осигурување за целиот престој утврден со програмата .

1.8 Агенцијата го информира и Кандидатот ( или неговоиот старател ) е согласен да изврши уплата на целата сума од програмата , вклучуваќи ги и средствата за авионска карта и осигурување , најмногу 3 недели пред почетокот на програмата . Секое одбивање или пролонгирање на уплатата може да значи опасност за откажување на бараниот термин , промена на цена или пенали во висина од најмалку 50 % од уплатениот депозит .

1.9 Агенцијата ќе организира средба со Кандидатот пред неговото заминување од Македонија на која ќе му ги презентира сите услови за патувањето начинот на пристигање до местото на сместување и се што е поврзано со негово успешно отпочнување на избраниот курс .

## 2. **ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КАНДИДАТОТ ( или неговиот Родител или Старател** )

2.1 Кандидатот врз своја сопствена воља и интерес се пријавува во Агенцијата како потенцијално заинтересирано лица за изучување на странски јазик во одрдена држава или дестинација . Истиот се обврзува да ги прецизира своите барања и така поставени да ги дефинира во Анкетниот апликативен формулар доставен од Агенцијата , како прв чекор од процесот за учество во краток курс за странски јазик .

2.2 Пополнетиот анкетен апликативен формулар од страна на кандидатот или неговиот родител- старател треба да содржи вистинити податоци за нивото на предзнаење на странскиот јазик кој сака да го изучува , како основа за правилен избор на нивото на кусот кој ќе се посетува .

2.3 Кандидатот ( или неговиот родител за малолетни лица ) се обврзува по добивањето на информација од Агенцијата за дефинирана понуда со вкупна цена на програмата , истата да ја разгледа и во период не подолг од 72 часа да одлучи и ја информира Агенцијата . Одликата автоматски значи уплата на 20 % од вкупната цена на програмата и депозит за авионска карта .

2.4 Кандидатот се обврзува да одгвори на сите повици од Агенцијата во процесот на подготовка за негово заминување на избраната програма за изучување на странски јазик во краток период .

2.5 Кандидатот е информиран и прифаќа да изврши самоевалчуација на нивото на јазикот кој сака да го изучува преку избраната понуда од Агенцијата . Во случај истиот да го преценил својот капацитет , школото ќе му понуди пониско ниво на курс соодветно на нивото на јазикот кој го зборува. Кандидатот прифаќа да биде тестиран за нивото на познавање на јазикот кој ќе го изучува . Тестирањето го вршат и утврдувањето на нивото е исклучиво од претставниците на школото каде кандидатот ќе престојува . Тестирањето ќе се изврши по неговото пристигање во школото .

2.6 Кандидатот е информиран и ја прифаќа програмата за курсот како индивидуална за него без одредени условувања за учество во истата и на други лица од Македонија

2.7 Кандидатот ( или неговиот родител за малолетни лица ) ги прочитаал и во целост ги разбраа општите услови за учество во програмата , по што пристапија кон облигаторен однос со Агенцијата за реалзиаиција на избраната програма за изучување на избраниот странски јазик ( во краток период )

## 3. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА АГЕНЦИЈАТА

3.1 Агенцијата се обврзува да ги дефинира сите услови на програмата со цена и содржина пред почетокот потпишувањето на овој Договор . Во случај на промена на цената од страна на понудувачот на програмата , странскиот партнер на Агенцијата , истата се обврзува да го информира благовремено кандидатот ( или неговиот родител ) и да побара потврда за согласност .

3.2 Сите плаќања спрема Агенцијата Кандидатот ќе ги извршува по банков пат да ж-ската од Агенцијата . Доколку понудата е дефинирана во странска валута , истата ќе биде пресметана во Денари по средниот курс на НБРМ .

3.3 Дадената цена со програмата и цената на авионската карта , како услуги кои се извршуваат заради патување надвор од Македонија не подлежат на ДДВ .

3.4 Агенцијата ја доставува понудата во писмена форма до Кандидатот при што не сноси никаква одговорност доколку истиот не е задоволен од одредени слабости на програмата евидентирана по неговото пристигање на местото на изучување на кусот. Сите поплаки во таа насока треба да бидат упатени на организаторот на програмата , школото за странски јазици за кое се пријавил Кандидатот . Во оваа група на поплаки спаѓаат следниве : услови на сместување , дискомуникација со

семејството во кое е сместен/а, несогласување со лицето со кое се дели соба , различни проблеми околи квалитетот на храната , тајмингот на изведувањето на наставата и нејзиниот обем , рестрикции околи користење на слободно време по сопствен избор ( ова важи само за малолетни лица ) , разминување на вонннаставните активности и сл .

3.5 Агенцијата ќе инистира на одстранување на одредени аномалии на програмата но неможе да им наложи на своите партнери по секоја цена да ги удоволат бврањата на кандидатот.

3.6 Доколку кандидатот се откаже од програмата по сопствена воља или пак биде исклучен од истата заради грубо кршење на дисциплината и прописите на школото, сите уплатени средстав во целост се неповратни , независно од деновите на престој на кандидатот.Неповратни во цеелост се и средствата потрошени за пат или авионска карта .

3.7 Доколку Агенцијата не е во можност да ја реалзиира програмата заради одредени технички проблеми ( временски неприлики и сл ) или пак природата на промената на понудат е условена од проблеми со деловниот партнер од странство , истата ќе му понуди на Кандидатот соодветна замена или ќе му ги врати во целост уплатените средства без никаква задршка .

3.8 Агенцијата го задржува правото да покрене судски спор против кандидатот или неговиот родител – старател во случај на предвремено еднострано раскинување на договорт , без испата на утврдената сума како пенал за откажување од програмата. Агенцијата ќе покрене судски спор за нанесена нематеријална штета во случај кандидатот т.е неговиот родител изнесесува или шири дезинформации или шпекулации на штета на името на Агенцијата .

## 4. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КАНДИДАТОТ

4.1 Кандидатот е во целост согласен со условите за учество во програмата дадени во информативните содржини на агенцијата , преддоговорот за аплицирање и добиената писмена понуда за висината на програмата .

4.2 Кандидатот е во целост согласен и со финансискиот дел за учество во избраната програма за изучување на странсски јазик во краток период во држава , град и центар по негов избор .

4.3 Кандидатот е во целост согласен со изнесените финансиски пенали во случај на откажување од програмата пред нејзиниот почеток или по нејзиниот полеток.

4.4 Кандидатот е информиран и е согласен да самиот отпочне процес за вадење на визи доколку е потребно за учество во програмата . Целокупниот ризик од недобивање на влезна виза во бараната држава за која траба да се извади виза е на товар на кандидатот , при што Агенцијата не сноси никаква одгвоорност во случај на недобување на виза .

4.5 Кандидатот ги прифака условите за самостојно адаптирање при пристигањето на местото за изучување на бараниот странски јазик и самостојно владеење во тој период .

4.6 Кандидатот е информира н прифаќа да во случај на одредени негови поплаки исклучиво го контактира школото каде се изведува курсот и неговите раководни органи .

4.7 Кандидатот е информиран и прифаќа да го организира пристигањето на денот во школото утврден за почеток на неговиот курс .Истиот е согласен да го органзира самостојно процесот за негово враќење во Македонија .

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1 Двете договорни страни – Агенцијата и Кандидатот , самостојно без никави надворешни влијанија , самостојно и без притисоци своерачно го оверуваат овој договор со потпис . Истиот предизвикува правно дејство со потпишувањето и за него ќе важат позитивните правни прописи на Република Македонија од оваа област .

5.2 Во случај на потреба од проширување на овој договор Агенцијата го задржува правото да го информира Кандидатот ( или неговиот родител или старател ) за потребата да с еизврши измена на одреден член или да с енаправи дополнување кое че биде дефинирано со нов правен акт – Анекс на овој договор . Потребна е согласност од втората договорна страна за тој Анекс. Доколку втората договорна страна , Кандидатот , не е согласен со понудениот Анекс на Договорот и промената на условите од овој договор , ќе ваќат позитивните законски прописи на РМ од оваа област .

5.3 Еднострано раскинување на овој Договор без да произведе дополнителни правни дејствија за заштита на правото на неговите потписници не е можно .

5.4 Во случај на спор двете договорни страни ќе се обидат да го решат истиот договорно во духот на цивилизирана комуникација , но доколку тоа не е можно , стварно и месно надлежен ќе биде Основниот Суд Скопје 1 – во Скопје .

Во Скопје на ________________________________

Кандидат ( за Кандидатот )

За Агенцијата Коузон и Ко. ДООЕЛ

_____________________________________

Име и презиме на Кандидатиот и потпис

_____________________________________

Зоран Кочоски Управител

_____________________________________

Име и Презиме на Родител – Старател